ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА (*)

**Член 1**

Во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19) во членот 25 во воведната реченица од ставот (1) по зборот „следи“ се додаваат зборовите „и врши надзор над“, а во точката 1) по зборот „конкурентноста“ сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додаваат зборовите „интегритет и“.
Ставот (3) се менува и гласи :

„(3) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за начинот и постапката за следење и вршење надзор над функционирањето на пазарите на енергија со којшто се уредуваат и начинот на евидентирање на учесниците на пазарите, видот, содржината формата, начинот и периодите на доставување и/или објавување на извештаите и податоците, како и начинот и постапката за вршење на надзорот од член 25-а од овој закон, во согласност со обврските на Република Северна Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.“

**Член 2**

По членот 25 се додава нов член 25-а кој гласи:

**„Обезбедување на интегритет и транспарентност на пазарите на енергија**

**Член 25-а**

(1) Заради обезбедување на интегритет и транспарентност, како и спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо во Република Северна Македонија, одделни учесници на пазарите на енергија доставуваат извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и објавуваат податоци и информации во однос на нивните капацитети и активности на пазарите на големо со електрична енергија и природен гас, наведени во ставот (4) на овој член.

(2) Учесници на пазарите на големо на електрична енергија и природен гас од ставот (1) на овој член се:
   1) операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас,
   2) операторите на пазарите со електрична енергија и природен гас,
   3) трговците и снабдувачите со електрична енергија и природен гас,
   4) производителите на електрична енергија кои произведената електрична енергија ја продаваат на пазарот на големо и
   5) потрошувачите на електрична енергија и природен гас со потрошувачка на електрична енергија или природен гас поголема од 600 GWh, при целосна искористеност на потрошувачкиот капацитет.

(3) Учесниците на пазарите на големо од ставот (2) на овој член се должни да поднесат барање за запишување во евиденцијата што ја воспоставува и води Регулаторната комисија за енергетика.

---

* Во законот во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2018/10/MC-EnC се транспонира Регулативата 1227/2011 за интегритет и транспарентност на пазарите на големо на енергија.

(4) Учесниците на пазарите на големо од ставот (2) на овој член се должни да доставуваат извештаи до Регулаторната комисија за енергетика, како и да објавуваат целосни и точни внатрешни информации од значење за тргувањето со електрична енергија и природен гас на пазарите на големо, коишто ако се објават би можеле значително да влијаат на цените на електричната енергија и природниот гас. Внатрешните информации се однесуваат на капацитетите и расположливоста на уредите и постројките за производство, пренос, дистрибуција, складирање и/или потрошувачка на електрична енергија или природен гас.

(5) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор заради утврдување дали учесник на пазарот на големо од ставот (2) на овој член ги прекршил одредбите од овој закон, прописите и правилата донесени врз основа на овој закон или обврските определени во издадената лиценца, што се однесуваат на доставување извештаи, објавување на внатрешни информации, или преземање или намера за преземање на недозволено манипулативно дејствие на пазарите на големо на електрична енергија и природен гас.

(6) Недозволено манипулативно дејствие на пазарите на големо на електрична енергија и природен гас е дејствие или намера за преземање на дејствие од учесник на пазарот од став (2) од овој член кое што се состои од:

1) тргување врз основа на необјавени внатрешни информации, или откривање на необјавени внатрешни информации на друго лице со цел поттикнување или влијание за донесување одлука за тргување на начин определен во правилникот од членот 25 став (3) од овој закон, или

2) манипулирање или обид за манипулирање на пазарите на енергија на големо преку:

- трансакција или налог за тргување што дава или е веројатно дека ќе даде лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на пазарите на големо, или
- трансакција или налог за тргување со коишто се постигнува или може да се постигне вештачко поставување на цените на електрична енергија и природен гас на невообичаено високо или ниско ниво во однос на цените засновани на односот помеѓу понудата и побарувачката, или
- трансакција или налог за тргување во којшто се користи или е направен обид да се искористи фиктивен план или инструмент или друга форма на измама која дава или е веројатно дека ќе даде погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цените на електрична енергија и природен гас, или
- ширење информации, гласини или лажни вести преку медиуми, интернет или на било кој друг начин, кои даваат или е веројатно дека ќе дадат лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цените на електрична енергија и природен гас, ако лицето кое ги шири знаело или требало да знае дека се лажни.

**Член 3**

Во членот 1 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Ако по спроведениот надзор согласно член 25-а став (5) од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека учесник на пазарот на големо од член 25-а став (2) од овој закон го прекршил овој закон, прописите и правилата донесени врз основа на овој закон или обврските

определени во издадената лиценца поднесува барање за поведување на прекршочна постапка во согласност со одредбите од овој закон.

Ставот (4) станува став (5).

**Член 4**

Во членот 37 во ставот (5) зборовите „одлучува во“ се заменуваат со зборот „пропишува“.

Во ставот (6) зборовите „на Регулаторната комисија за енергетика“ се заменуваат со зборовите „за разрешување на спорот“.

**Член 5**

Во членот 39 во ставот (2) по точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:

„3) кога носителот на лиценцата изврши пренос на сопственоста на енергетскиот објект за чиешто работење е издадена лиценцата, врз друго лице,“

Точките 3) и 4) стануваат точки 4) и 5).

Во ставот (3) по зборовите „точка 2)“ се додаваат зборовите: „и точка 3)“

**Член 6**

Во членот 59 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Носителот на овластување од став (1) од овој член може да побара измена на овластувањето без притоа да се менува инсталираната моќност и локацијата на објектот, како и видот и потребните количини на гориво потребни за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија.“

**Член 7**

Во член 70 став (4) бројот „250“ се заменува со бројот „200“.

**Член 8**

Членот 172 се менува и гласи:

**План за енергија и клима**

**Член 172**

(1) Владата, на предлог на Министерството, во рок од шест месеци од денот на усвојувањето на Стратегијата усвојува План за енергија и клима, за период од најмалку десет години. Планот го изработува Министерството во соработка со министерството надлежно за животна средина.

(2) Планот за енергија и клима особено содржи:

1) преглед на тековните состојби во енергетскиот сектор, како и преземените мерки за остварување на енергетската политика,
2) националните цели и индикативната траекторија за енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, намалување на емисиите на стакленички гасови,

3) националните цели за пазарот на енергија, сигурност во снабдувањето со енергија и истражување, иновации и конкурентност,
4) мерки на енергетската политика за исполнување на националните цели од точките 2) и 3) од овој став, засновани на аналитичка основа,
5) преглед на инвестициите потребни за исполнување на целите на енергетската политика,
6) опис на опис на правните, институционалните, економските и социјални ограничувања и пречки за постигнување на целите

(3) Планот за енергија и клима придонесува за засилена соработка помеѓу договорните страни на Енергетската заедница во областа на енергетиката и климатските промени, како и во примена на алатки за известување до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(4) Усвоениот План за енергија и клима се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб страниците на Владата и Министерството и се доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(5) Министерството во соработка со министерството надлежно за животна средина ја следи реализацијата на Планот за енергија и клима и на секои две години подготвува извештај за реализацијата во претходните две календарски години кој го доставува до Владата и до Секретаријатот на Енергетската заедница најдоцна до 30 ноември.

(6) Ако исполнувањето на целите утврдени во Планот за енергија и клима во последните две години не е во согласност со динамиката на индикативната траекторија, Владата до 31 март наредната година донесува ревидиран План за енергија и клима и го доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница. Во ревидираниот План за енергија и клима се утврдуваат мерки со кои се овозможува остварување на индикативните траектории.

(7) Владата веднаш го известува Секретаријатот на Енергетската заедница во случаи кога поради непредвидливи околности не е можно остварување на целите утврдени во Планот за енергија и клима.

**Член 9**

Во член 186 став (1) и во член 187 став (4) зборовите „Акцискиот план за обновливи извори на енергија се заменуваат со зборовите „Планот за енергија и клима“.

**Член 10**

Во членот 195 во ставот (1) точката 6) се брише, а точката 7) станува точка 6).

**Член 11**

Во членот 214 во ставот (2) по бројот „232“ се додаваат зборовите „како и од членовите 217, 228 и 231 за кои е предвидена глоба во износ над 1 000 евра во денарска противвредност евра за правно лице, над 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и над 250 евра во денарска противвредност за физичко лице.“

**Член 12**

Во членот 215 во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција за прекршоците, за кои е предвидена глоба во износ до 1 000 евра во денарска противвредност евра за правно лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, министерот со решение формира комисија за одлучување по прекршок (во

натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од три члена од редот на лицата вработени во министерството, и тоа:“
Ставот (8) се менува и гласи:
„(8) Против решенијата на прекршочната комисија може да се изјави правно средство до надлежен орган согласно Законот за прекршоците.“
Ставот (9) се брише.

**Член 13**

Во член 216, во ставот (2) по зборовите “поведување на прекршочна постапка за прекршоците” се додаваат зборовите „од членовите 217, 218 ставови (2), (3), и (4), 219, 220 ставови (2), (3), (4), (5), 221, 222 ставови (2), (3), (4), (5), 223 ставови (1), (2), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12), 224 ставови (2), (3), (4), (5), 225, 226 ставови (2), (3), (4), (5), 227, 228, 229, 230, 231 и 232“.

Ставот (4) се менува и гласи:
„(4) Во постапката за порамнување глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во минималниот пропишан износ за прекршокот“.

**Член 14**

Во член 217 ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 500 евра до 1 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 1 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец:“

Во ставот (2) зборовите „30% од одмерената глоба за друштвото“ се заменуваат со зборовите „250 евра во денарска противвредност“.

**Член 15**

Во членот 218 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ до 10% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на друштвото:

1) вршител на енергетска дејност од член 24 став (2) ако не го објави актот во „Службен весник на Република Северна Македонија“,

2) учесник на пазарите на големо од член 25-а став (2) од овој закон ако не доставува извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и ако не објавува целосни и точни внатрешни информации (член 25-а став (4))

3) учесник на пазарите на големо од член 25-а став (2) за недозволено манипулативно дејствие на пазарите на големо на електрична енергија и природен гас (член 25-а став (6))

4) вршител на енергетска дејност ако не достави до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај од член 28 став (6).“

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 700 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец, кое:“

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:
„(3) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец, кое:", а по точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:
„3) учесник на пазарите на големо од член 25-а став (2) ако не поднесе барање за запишување во евиденцијата што ја воспоставува, води и одржува Регулаторната комисија за енергетика (член 25-а став (3)).
Точките 3) и 4) стануваат точки 4) и 5).
По ставот (3) се додаваат нови ставови (4) и (5) кои гласат:
„(4) Глоба во износ до 5 000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во друштвото.
(5) Глоба во износ од 2 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за недозволено манипулативно дејствие на пазарите на големо на електрична енергија и природен гас (член 25-а став (6))".
Во ставот (4) кој станува став (6) зборовите „30% од одмерената глоба за друштвото" се заменуваат со зборовите „ од 250 евра до 500 евра во денарска противвредност".
По ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:
„(7) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, на учесник на пазарите на големо од член 25-а став (2) од овој закон може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до две години за прекршок за дејствијата од член 25-а став (6)."
Ставот (5) кој станува став (8) се менува и гласи:
„(8) За прекршок од ставот (2) и ставот (3) од овој член на одговорното лице во друштвото може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до шест месеци."

**Член 16**

Во членот 219 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) На друштвото производител на електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, кое:"

Во ставот (2) зборовите "30% од одмерената глоба за друштвото" се заменуваат со зборовите " 250 евра во денарска противвредност".

**Член 17**

Во членот 220 во ставот (1) изразот „2%" се заменува со изразот „10%", а зборовите „правното лице" се заменуваат со зборот „друштвото".
Во ставот (2) во воведната реченица зборовите „од 10 000 евра" се заменуваат со зборовите: „од 7 000 евра до 10 000 евра".
Во ставот (3) во воведната реченица зборовите „ од 5 000 евра" се заменуваат со зборовите: „ од 3 000 евра до 5 000 евра".
Во ставот (4) во воведната реченица зборовите „ од 3 000 евра" се заменуваат со зборовите: „ од 2 000 евра до 3 000 евра".

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во операторот на електропреносниот систем, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (3) од овој член на одговорното лице во операторот на електропреносниот систем и глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (4) на одговорното лице во операторот на електропреносниот систем."

**Член 18**

Во членот 221 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:
„(1) На друштвото оператор на пазар на електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец или глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) На друштвото оператор на организираниот пазар на електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец или глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:
„(3) На друштвото оператор на пазар на електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец или глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (4) воведната реченица се менува и гласи:
„(4) На друштвото оператор на пазар на електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) од овој член на одговорното лице во операторот на пазарот на електрична енергија, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (3) од овој член одговорното лице во операторот на пазарот на електрична енергија и глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (4) од овој член на одговорното лице во операторот на пазарот на електрична енергија".

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во операторот на организираниот пазар на електрична енергија."

**Член 19**

Во членот 222 во ставот (1) изразот „2%" се заменува со изразот „10%"%", а зборовите „правното лице" се заменуваат со зборот „друштвото".

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите „од 10 000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 7 000 евра до 10 000 евра“.

Во ставот (3) зборовите „ од 5 000 евра“ се заменуваат со зборовите: „ од 3 000 евра до 5 000 евра“.

Во ставот (4) во воведната реченица зборовите „ од 3 000 евра“ се заменуваат со зборовите: „ од 2 000 евра до 3 000 евра“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) „ Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во операторот на електродистрибутивниот систем, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (3) од овој член на одговорното лице во операторот на електродистрибутивниот систем и глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече прекршок за дејствијата од став (4) од овој член на одговорното лице во операторот на електродистрибутивниот систем “.

**Член 20**

Во членот 223 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) На друштвото снабдувач со електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 700 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:

„(2) На друштвото снабдувач со електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи::

„(3) Глоба во износ до 10% од вкупните приходи на друштвото во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на друштвото универзален снабдувач на електрична енергија ако:

1) не обезбеди снабдување и заштита на потрошувачите во оддалечените подрачја (Член 101 став (1) точка 1)),

2) не обезбеди заштита на ранливите потрошувачи (член 101 став (1) точка 2),

3) не ги применува цените за електрична енергија за снабдување на домаќинствата и малите потрошувачи (член 101 став (1) точка 3),

4) не набавува електрична енергија по пазарни услови со избор на најповолна понуда, во согласност со правилата за набавка на електрична енергија донесени од Регулаторната комисија за енергетика (член 101, став (1) точка 6) и

5) не обезбеди снабдување со електрична енергија на домаќинство или мал потрошувач на кој му престанал договорот за снабдување (член 102 став (2)).

Во ставот (5) којшто станува став (4) воведната реченица се менува и гласи:

„(4) На друштвото универзален снабдувач со електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Ставот (6) којшто станува став (5) се менува и гласи:
„(5) На друштвото снабдувач со електрична енергија во краен случај ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец,ако не ги снабдува потрошувачите кои останале без снабдувач со електрична енергија во случаите наведени во Член 102 став (1).“

Во ставот (7) којшто станува став (6) воведната реченица се менува и гласи:
„(6) На друштвото снабдувач со електрична енергија во краен случај ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Во ставот (8) којшто станува став (7) воведната реченица се менува и гласи:
„(7) На друштвото трговец со електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 700 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако:“

Ставот (9) којшто станува став (8) се менува и гласи:
„(8) На друштвото трговец со електрична енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифициран како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако не овозможи увид во податоците на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетската заедница (Член 103 став (1))“.

Ставот (10) којшто станува став (9) се менува и гласи:

„(9) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со електрична енергија и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со електрична енергија.“

По ставот (9) се додаваат нови ставови (10), (11) и (12) кои гласат:

„(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (5) од овој член на одговорното лице во друштвото универзален снабдувач со електрична енергија.

(11) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (5) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со електрична енергија во краен случај и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за

дејствијата од став (6) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со електрична енергија во краен случај.

(12) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и  за прекршок за дејствијата од став (7) од овој член на одговорното лице во друштвото трговец со електрична енергија и глоба во износ од 500  евра во денарска противвредност ќе му се изрече и  за прекршок за дејствијата од став (8) од овој член на одговорното лице во друштвото трговец со електрична енергија."

Ставовите (11) и (12) коишто стануваат ставови (13) и (14) се менуваат и гласат:

„(13) На друштвото снабдувач со електрична енергија или на друштвото трговец со електрична енергија може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до шест месеци за прекршоците од став (1), (2), (7) и (8) од овој член.

(14) На одговорното лице во друштвото снабдувач со електрична енергија или на одговорното лице во друштвото трговец со електрична енергија може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до шест месеци за прекршоците од став (1), (2), (7) и (8) од овој член."

**Член 21**

Во членот 224 во ставот (1) изразот „2%" се заменува со изразот „10%" %", а зборовите „правното лице" се заменуваат со зборот „друштвото".

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите „од 10 000 евра" се заменуваат со зборовите: „од 7 000 евра до 10 000 евра".
Во ставот (3) во воведната реченица зборовите „од 5 000 евра" се заменуваат со зборовите  „од 3 000 евра до 5 000 евра".
Во ставот (4) во воведната реченица зборовите „од 3 000 евра" се заменуваат со зборовите: „од 2 000 евра до 3 000 евра".

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5)  Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во операторот на системот за пренос на природен гас, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (3) од овој член на одговорното лице во операторот на системот за пренос на природен гас и глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата (4) од овој член на одговорното лице во операторот на системот за пренос на природен гас".

**Член 22**

Во членот 225 ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:
„(1) На друштвото оператор на пазар на природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец или глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) На друштвото оператор на пазар на природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец или глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:

„(3) На друштвото оператор на пазар на природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем  трговец, ако:“

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) од овој член на одговорното лице во операторот на пазар на природен гас, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во операторот на пазар на природен гас и глоба во износ 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече прекршок за дејствијата од став (3) од овој член на одговорното лице во операторот на пазар на природен гас.“

**Член 23**

Во членот 226 во ставот (1) изразот „2%“ се заменува со изразот „10%“, а зборовите „правното лице“ се заменуваат со зборот „друштвото“.

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) На друштвото оператор на системот за дистрибуција на природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако:“

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:
„(3) На друштвото оператор на системот за дистрибуција на природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако не изготви и објави на својата веб страница план за развој на системот за дистрибуција на природен гас, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (Член 130 став (2)).“

„(4) На друштвото оператор на системот за дистрибуција на природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем  трговец ако:“

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од овој член на одговорното лице во операторот на системот за дистрибуција на природен гас, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата (3) од овој член на одговорното лице во операторот на системот за дистрибуција на природен гас и глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (4) вој член на одговорното лице во операторот на системот за дистрибуција на природен гас.“

**Член 24**

Во членот 227 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) На друштвото снабдувач со природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 700 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) На друштвото снабдувач со природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:
"(3) На друштвото снабдувач со природен гас со обврска за јавна услуга ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако:"

Во ставот (4) воведната реченица се менува и гласи:
"(4) На друштвото снабдувач со природен гас со обврска за јавна услуга ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако:"

Ставот (5) се менува и гласи:
"(5) На друштвото снабдувач со природен гас во краен случај ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 со природен гас во краен случај, ако не ги снабдува потрошувачите кои останале без снабдувач со природен гас во случаите наведени во Член 138, став (1)."

Ставот (6) се менува и гласи:
„(6) На друштвото снабдувач со природен гас во краен случај ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифициран како голем трговец, ако не овозможи увид во податоци на Регулаторната комисија за енергетика, Комисија за заштита на конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница согласно Член 136, став (5), во врска со Член 138 став (12)."

Во ставот (7) воведната реченица се менува и гласи:
„(7) На друштвото трговец со природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 700 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:"

Ставот (8) се менува и гласи:

„(8) На друштвото трговец со природен гас ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако не овозможи увид во податоците на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетската заедница (Член 141 став (5)).“

Ставот (9) се менува и гласи:

„(9) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) на одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас.“

По ставот (9) се додаваат нови ставови (10), (11) и (12) кои гласат:

„(10) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (4) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас со обврска за јавна услуга и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (3) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас со обврска за јавна услуга.“

„(11) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (5) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас во краен случај и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (6) од овој член на одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас во краен случај.“

„(12) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност за прекршок за дејствијата од став (7) од овој член на одговорното лице во друштвото трговец со природен гас и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (8) од овој член на одговорното лице во друштвото трговец со природен гас.“

Ставовите (11) и (12) коишто стануваат ставови (13) и (14) се менуваат и гласат:

„(13) На друштвото снабдувач со природен гас или на друштвото трговец со природен гас може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до шест месеци за прекршоците од став (1), (2), (7) и (8) од овој член.

(14) На одговорното лице во друштвото снабдувач со природен гас или на одговорното лице во друштвото трговец со природен гас може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до шест месеци за прекршоците од став (1), (2), (7) и (8) од овој член.“

**Член 25**

Во членот 228 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 700 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец, кое врши дејност:“

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец, кое врши дејност:"

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) од овој член на одговорното лице во друштвото и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (2) од член на одговорното лице во друштвото."

Ставовите (4) и (5) се менуваат и гласат:

„ (4) За прекршок од став (1) од овој член на друштвото може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до 30 дена.

(5) За прекршок од став (1) и став (2) од овој член на одговорното лице во друштвото може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до 30 дена

**Член 26**

Членот 229 се менува и гласи:

**„Член 229**

(1) На друштвото производител на топлинска енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако не доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во врска со опремата, објектите, плановите за одржување, како и планираниот капацитет (Член 152 став (3)).
(2) На друштвото регулиран производител на топлинска енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако во текот на грејната сезона нема обезбедено оперативни резерви од алтернативно гориво (член 153 став (4)).
(3) Глоба во износ од износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) и став (2) од овој член на одговорното лице во друштвото.

(4) На одговорното лице во друштвото може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година."

**Член 27**

Во членот 230 ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:
„(1) На друштвото оператор на системот за дистрибуција на топлинска енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 4 000 евра до 6 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 7 000 евра до 10 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Во ставот (2) воведната реченица се менува и гласи:
„(2) На друштвото оператор на системот за дистрибуција на топлинска енергија глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:
„(3) На друштвото снабдувач со топлинска енергија ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како микро трговец, глоба за прекршок во износ од 500 евра до 1 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како мал трговец, глоба за прекршок во износ од 1 500 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како среден трговец и глоба за прекршок во износ од 3 000 евра до 5 000 евра во денарска противвредност ако е класифицирано како голем трговец, ако:“

Ставот (4) и ставот (5) се бришат.

Ставот (6) којшто станува став (4) се менува и гласи:

„(6) Глоба во износ од 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) од овој член на одговорното лице во друштвото и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (2) и (3) на одговорното лице во друштвото.“

**Член 28**

Во членот 231 ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец ако:“

Во ставот (2) зборовите “30% од одмерената глоба за лицето “ се заменуваат со зборовите “300 евра во денарска противвредност“.

**Член 29**

Членот 232 се менува и гласи:

**„Член 232**

(1) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице корисник на електродистрибутивен систем, систем за дистрибуција на природен гас или

систем за дистрибуција на топлинска енергија класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на соодветниот систем право на пристап заради извршување на работите од член 95 став (5), член 131 став (4) и член 159 став (3) од овој закон".

(2) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, корисник на електродистрибутивен систем, систем за дистрибуција на природен гас или систем за дистрибуција на топлинска енергија, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на соодветниот систем право на пристап заради извршување на работите од член 95 став (5), член 131 став (4) и член 159 став (3) од овој закон".

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец корисник на енергетски систем ако постапува спротивно на обврските утврдени во Член 195 став (1) од овој закон".

(4) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како голем трговец, ако постапува спротивно на обврските утврдени во Член 195 став (1) од овој закон".

(5) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице корисник на енергетски систем ако постапува спротивно на обврските утврдени во Член 195 став (1) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото вршител на енергетска дејност класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото класифицирано како голем трговец, ако ги злоупотребил деловните тајни и информации што ги добил при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица (Член 202 став (2))."

(7) Глоба во износ од 100 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 1 000 евра до 2 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 2 000 евра до 3 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице класифицирано како голем трговец:"

1) кое гради или изведува други работи, засадува растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаите определени со овој закон (член 203 став (1)),

2) сопственик, односно корисник на земјиштето ако не дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште (член 204 став (1)).

(8) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) и став (2) од овој член на одговорното лице во друштвото.

(9) Глоба во износ од 300 евра во денарска ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (3), (4), (6) и (7) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговец поединец.

(10) Глоба во износ од 400 во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од став (7) од овој член.

**Член 30**

„Првиот План за енергија и клима од член 8 од овој Закон, Владата го усвојува најдоцна до 31 декември 2020 година."

**Член 31**

Правилникот од член 1 став (2) од овој закон со којшто се менува член 25 став (3), Регулаторната комисија за енергетика го донесува во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 32**

Овој Закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".